Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0101-1033/8
05.12. 2019 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

# СТАТУТ
## НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОПШТИНИ ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЗЕЛС, Скопје

## ГЛАВА ПРВА
## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут се утврдува: основањето, целите, задачите, организацијата и финансирањето на здружението на општини (во натамошниот текст само како: здружение), во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локална самоуправа и Законот за здруженија и фондации.

### Член 2

(1) Здружението на општини е непрофитна организација на општините, како единици на локалната самоуправа и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа (во натамошниот текст: членки) во која се здружуваат доброволно и на рамноправна основа заради заштита и унапредување на заедничките интереси.

(2) Здужението на општини се формира врз основа Законот за локална самоуправа и Законот за здруженија и фондации.

(3) Име на здружението на општини е: Здружение на општини ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЗЕЛС, Скопје.

(4) Во комуникација на јазикот и неговото писмо на кој зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија се користи називот на здружението Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut и кратенката “BNJVL”, додека во меѓународната комуникација, покрај називот на здружението на англиски јазик и латинично писмо ќе се употребува и кратенката “ZELS“,

(5) Скратен назив на здружението на општини е ЗЕЛС - Скопје.

(6) Здружението на општини има свое седиште со адреса на: „ул. Копенхагенска бр. 5, Скопје".

**Член 3**

(1) Здружението има печат и штембил:

1. Печатот има форма на круг со пречник од 32 mm, во кој во концентрични кругови, на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и латинично писмо е впишан текстот: Здружение на општини „Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - Скопје" и "Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut "

2. Штембилот има форма на правоаголник со големина од 60 x 30 mm, во кој хоризонтално на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и латинично писмо е впишано името и седиштето на здружението, а помеѓу називот и седиштето се остава празен простор за впишување на бројот на актот и датумот на неговото издавање.

**Член 4**

(1) Здружението има амблем и знаме:

1. Амблемот на здружението е:

2. Знамето на здружението на општини е во бела боја со однос на должината и широчината два спрема еден, на чија средина е аплициран амблемот.

(2) Денот 26-ти април се прогласува за ден на здружението и ден на општините во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Во службена употреба во работата на здружението е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Во службена употреба во работата на здружението исто така е и јазикот и неговото писмо на кој зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во Република Северна Македонија во работата на здружението се уредува со посебна одлука на Управниот одбор.

## ГЛАВА ВТОРА
## ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

**Член 6**

(1) Цели на здружението се:

1. Афирмација на принципите и вредностите на локалната самоуправа.
2. Одржување, развивање и јакнење на ефикасна и ефективна локална самоуправа во Република Северна Македонија врз основа на принципите на демократија и децентрализација на власта;
3. Градење на демократијата и заедницата и подобрување на квалитетот на животот преку зајакнување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа и застапување на интересот на заедницата.

(2) Задачи на здружението се да:

1. Ги застапува и брани интересите на своите членови пред Претседателот на Републиката, Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Републиката, министерствата и други институции во чија надлежност се работите од областа на локалната самоуправа;
2. Ги штити уставните и законските права и општите потреби на единиците на локалната самоуправа;

3. Го шири и продлабочува разбирањето за општинските работи во јавноста со обезбедување постојана медиумска поддршка за афирмација на целите и задачите,
4. Иницира донесување, изменување и дополнување на закони и други правни акти од областа на локалната самоуправа;
5. Соработува во донесување и спроведување на закони и други правни акти од областа на локалната самоуправа;
6. Гради ставови и да обезбеди дијалог за Нацрт-буџетот на Републиката и другите акти што се однесуваат на финансирањето на единиците на локалната самоуправа;
7. Им помага на членките и да прерасне во ефикасен центар за давање стручни и технички услуги на членките со изградба на флексибилна и ефикасна организациона структура;
8. Ги подобрува способноста и знаењата на избраните лица, раководните и државните службеници за поквалитетно извршување на нивните задачи;
9. Поттикнува и помага разни облици на соработки и здружувања меѓу членовите за решавања на заеднички проблеми;
10. Соработува и посредува во изнаоѓање на решенија за прашања со спротивставени интереси;
11. Воспоставува контакти и да соработува со сродни организации од други држави и да членува во интернационални асоцијации на локалните и регионалните власти.

**Член 7**

(1) Здружението ги спроведува своите активности со:

1. Организирање конференции, семинари, советувања, работилници, седници, саеми, кампањи и слично;
2. Обезбедување, издавање и дистрибуирање литература, часописи, публикации, анализи, истражувања и други информации и податоци до членовите;
3. Организирање на обука за членовите;
4. Развој на мрежа на соработка со домашни и меѓународни невладини организации и асоцијации.

## ГЛАВА ТРИ
## ЧЛЕНСТВО, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ

### Член 8

(1) Секоја единица на локална самоуправа што го прифаќа Статутот, целите и задачите на здружението на општини „Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС“ има право да биде член на ЗЕЛС;

(2) Членовите на здружението имаат право да се зачленуваат во други локални, регионални и интернационални асоцијации.

### Член 9

(1) Член на здружението се станува со поднесување на пријава до Управниот одбор на здружението по претходна одлука на Советот на единицата на локалната самоуправа.

(2) Членовите на здружението ја задржуваат правната, имотната и финансиската независност по зачленувањето во здружението на општини.

### Член 10

(1) Членството во здружението престанува:

1. Со укинување на единицата на локалната самоуправа;
2. Со Одлука на Советот на единицата на локалната самоуправа;
3. Заради континуирани активности на членката спротивни на одредбите од Статутот.
4. Заради неучество на претставниците на членката во активностите на здружението и нејзините органи подолго од една година;
5. Заради неплаќање на годишната членарина од неоправдани причини во текот на две последователни години, а согласно членот 27, став 2.

(2) Исклучувањето од членство во здружението се утврдува со одлука на Управниот одбор на здружението која се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

(3) Во случај на престанок на Здружението под услови утврдени со Закон или овој акт, имотот и средствата на Здружението се пренесуваат во сопственост на единиците на локалната самоуправа членови на Здружението и тоа сразмерно во зависност од нивната големина која се утврдува врз основа на бројот на жители на секоја единица на локалната самоуправа одделно.

**Член 11**

(1) Членовите на здружението преку своите претставници имаат право да:

1. Учествуваат во работата на Генералното собрание и во сите активности на здружението со покренување иницијативи, учество во расправи, одлучување и спроведување на ставови;
2. Избираат и да бидат избрани во органите и телата на здружението;
3. Бидат благовремено информирани за сите активности на здружението;
4. Имаат слободен пристап до сите документи за активностите на здружението.
5. Доброволно да го напуштат здружението согласно одредбите од Статутот;
6. Остваруваат други права што произлегуваат од овој Статут и други општи акти на здружението.

**Член 12**

(1) Членовите на здружението се должни:

1. Да го почитуваат Статутот и актите на органите на здружението;
2. Редовно да плаќаат членарина;
3. Да не го користат здружението за остварување цели спротивни на Статутот;
4. Да не го нарушуваат угледот на здружението со своите активности.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА
## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 13**

(1) Органи на здружението се:

1. Генерално собрание;
2. Управен одбор;
3. Надзорен одбор;
4. Комитет на Советите.

**Член 14**

(1) Генералното собрание е највисок орган на здружението.

(2) Во Генералното собрание, секој делегат има право на еден глас.

(3) Градоначалниците на единиците на локалната самоуправа по функција се делегати на Генералното собрание, а претседателите на Советите на единиците на локалната самоуправа се нивни заменици.

(4) Делегатот има право и обврска да учествува во работата на Генералното собрание.

(5) Делегати во генералното собрание се и 9 членови од редот на членовите на Комитетот на Советите кои ги избира Генералното собрание на својата прва седница при што задолжително се избира по еден делегат од секој од регионите во Република Северна Македонија утврдени согласно Закон и еден член од Градот Скопје.

(6) Во случај на спреченост на делегатот заменикот на делегатот има право и обврска да учествува во работата на Генералното собрание со право на глас.

(7) Во случај на спреченост на делегатот односно заменикот на делегатот да присуствуваат на седницата на Генералното Собрание, делегатот може да овласти член на Советот на единицата на локалната самоуправа да го заменува на седницата со сите права и обврски на делегат.

(8) Овластувањето од став 7 на овој член, се издава во писмена форма.

**Член 15**

(1) Генералното собрание на здружението:

1. Донесува Статут, програма и други акти;

2. Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
3. Усвојува Финансиски план и Завршна сметка на здружението;
4. Одлучува за промена на целта на здружувањето;
5. Одлучува за основање и укинување на облици и организирање на здружението.
6. Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
7. Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
8. Од својот состав избира и разрешува членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор;
9. Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
10. Одлучува за други прашања што не се во надлежност на други органи на здружението;
11. Врши и други работи во согласност со статутот и општите акти на здружението;
12. Ги избира и разрешува членовите на Комитетот на Советите, а од нивниот состав ги избира и разрешува членовите во Управниот Одбор на ЗЕЛС.

**Член 16**

(1) Генералното собрание се состанува по потреба, но најмалку еднаш годишно.

(2) Генералното собрание се закажува со:

1. Одлука на Управниот одбор;
2. На иницијатива на 1/5 од членките;
3. На иницијатива на Надзорниот одбор.

(3) По секои локални избори Генералното собрание се состанува во рок од три месеци.

(4) Управниот одбор закажува редовна седница на Генералното собрание најмалку 15 дена пред одржувањето со доставување на Одлука за свикување, покана со дневен ред, датум, час и место на одржување на седницата.

(5) Делегатите на Генералното собрание имаат право да достават предлози за изменување и дополнување на дневниот ред најдоцна 5 дена пред неговото одржување.

(6) Во случај на потреба може да се закаже вонредна седница на Генералното собрание, но најмалку 14 дена пред денот на неговото одржување според одредбите од став 2 и став 4 од овој член.

(7) Генералното Собрание може да работи и на седница организирана да се одржи на електронски начин, кога на делегатите им се доставуваат поканата, дневниот ред и материјалите по електронски пат, со упатство за начинот на работа, начинот на донесување на одлуките и начинот на гласање.

**Член 17**

(1) Генералното собрание може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половина од делегатите.

(2) Генералното собрание по правило, одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните.

(3) Генералното собрание одлучува по правило со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните делегати.

**Член 18**

(1) Седниците на Генералното собрание се јавни.

(2) Со седниците на Генералното собрание претседава претседателот на Управниот одбор на здружението.

Во случај на негова спреченост со седницата претседава еден од двајцата потпретседатели на здружението.

(3) На седниците на Генералното собрание се води записник што се усвојува на следната седница.

**Член 19**

(1) Управниот Одбор на ЗЕЛС брои 22 членови, кои се избираат од Генералното Собрание со мандат во траење од 4 (четири) години.

(2) Членовите на Управниот одбор се избираат од редот на делегатите на Генералното Собрание а  три члена задолжително се избираат од редот на делегатите кои се членови и на Комитетот на Советите при што од трите члена кои се членови и на Комитетот на Советите само еден има право на глас.

(3) За правото на глас на еден од тројцата избрани членови на Управниот одбор од редот на делегатите кои се членови и на Комитетот на Советите одлучува Комитетот на советите и за тоа го известува Управниот одбор на ЗЕЛС.

(4) Градоначалникот на градот Скопје по функција е член на Управниот одбор на здружението.

(5) Задолжително 30% од членовите на претходниот состав на Управниот одбор повторно се избираат за членови во Управниот одбор заради обезбедување на континуитет во работата.

**Член 20**

(1) Управниот одбор:

1. Ги подготвува седниците на Генералното собрание;
2. Ги води активностите на здружението помеѓу две седници на Генералното собрание;
3. Го подготвува Нацртот на статутот и другите акти што треба да ги донесе Генералното собрание;
4. Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките на Генералното собрание
5. Избира претседател на Управниот одбор и двајца потпретседатели, а еден од тројцата избрани вршители на овие функции е претставник од заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и истите ги разрешува.
6. Формира стручна служба и врши контрола на нејзината работа;
7. Одлучува за основање и укинување на комисии и краткорочни работни групи во рамките на здружението.
8. Донесува одлука за систематизација на работните места во администрацијата и за висината на платите, во согласност со принципите на пропорционална и правична застапеност на етничките заедници во Република Северна Македонија, без притоа да се нарушат

критериумите на стручност и компетентност, а по предлог на Извршниот директор;

9. Го избира и разрешува Извршниот директор и ја одредува висината на неговата плата;

10. Управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;

11. Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;

12. Врши и други работи.

**Член 21**

(1) Претседателот на Управниот одбор:

1. Го претставува здружението;
2. Ги закажува седниците на Управниот одбор на своја иницијатива или на иницијатива на најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Управниот одбор, најмалку 7 (седум) дена пред нивното одржување;
3. Претседава со седниците на Управниот одбор;
4. Ги координира активностите на органите на здружението.

(2) Во случај на спреченост на Претседателот, со седниците на Управниот одбор претседава еден од двајцата Потпретседатели на Управниот Одбор.

**Член 22**

(1) Седниците на Управниот одбор се закажуваат по потреба, но најмалку еднаш на 2 месеци.

(2) Управниот одбор може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината членови.

(3) Одлуките се донесуваат по правило со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните членови.

(4) Управниот одбор може да работи и на седници организирани да се одржат на електронски начин, кога на членовите им се доставуваат поканата, дневниот ред и материјалите за седницата по електронски пат, со упатство за начинот на работа, начинот на донесување на одлуките и начинот на гласање.

(5) Претседателот на Надзорниот одбор може да присуствува на седниците на Управниот одбор без право на глас.

**Член 23**

(1) Надзорниот одбор брои 6 членови избрани од Генералното собрание со мандат од 4 години од кои еден член без право на глас кој се избира од редот на делегатите кои се членови и на Комитетот на Советите.

(2) Надзорниот одбор:

1. Го контролира извршувањето на одлуките на Генералното собрание и Управниот одбор;
2. Ја контролира законитоста и статутарноста на одлуките на Управниот одбор и Извршниот директор;
3. Го контролира финансиското работење и управувањето со имотот на здружението;
4. По потреба организира спроведување на ревизија на финансиското работење;
5. На Генералното собрание му доставува мислење за извештајот за работа и за завршната сметка на буџетот на здружението;
6. На Генералното собрание му предлага прекин на членството во ЗЕЛС согласно член 10, точка 3, 4 и 5;
7. На Генералното собрание му доставува Годишен извештај за работата.

(3) Членовите на Надзорниот одбор избираат Претседател на Одборот од својот состав, по правило со јавно гласање со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови.

(4) Одредбите од член 22, став 1, 2 и 3 се однесуваат и за активностите на Надзорниот одбор.

**Член 23 - а**

(1) Комитетот на Советите брои 9 членови од кои 8 членови се избираат како претставници на Регионите во Република Северна Македонија утврдени

согласно Закон и еден член од Советот на Градот Скопје кој по функција има свој член во овој орган.

(2) Комитетот на Советите има свој Претседател и двајца Потпретседатели кои се избираат од редот на членовите на овој орган.

(3) Мандатот на членовите на овој орган трае 4 (четири) години, со право на повторен избор без ограничување на бројот на мандати.

(4) При изборот на членовите на Комитетот на Советите се води сметка за обезбедување континуитет во работата, за политичката, етничката, регионалната и половата застапеност.

(5) Постапката за избор на Претседателот и Потпретседателите на Комитетот на Советите се уредува со Деловник кој овој орган го усвојува на својата прва седница.

**Член 23 - б**

(1) Седниците на Комитетот на Советите се закажуваат по потреба.

(2) Комитетот на Советите може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од членовите.

(3) Одлуките на Комитетот се донесуваат по правило со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните.

**Член 23 – в**

Комитетот на Советите:

- Ја афирмира улогата на Советот на општината;
- Ја следи проблематиката од функционирањето на Советите на општините;
- Го истакнува активниот придонес на Советите во процесот на децентрализацијата;
- Го артикулира концептот на развој на граѓанското општество и локалната демократија;
- Учествува во подготвување на проекти од значење за функционирање на Советите и општините во целост;

- Утврдува ставови во врска со донесувањето или усогласувањето на Закони кои се од значење за општините;
- Ја поттикнува иницијативноста на Советите и дава насоки за унапредување на нивната работа;
- Иницира утврдување на потреба за организирање на семинари, тематски средби и други форми на едукација за членовите на Советите;
- Заедно со останатите органи на здружението соработува во градењето на заедничката политика и афирмирање на здружението
- Остварува меѓуопштинска и меѓународна соработка во рамките на единствената политика на здружението;
- Ја поттикнува регионалната соработка;
- Доставува предлози до Управниот одбор, Надзорниот одбор, и работните тела и комисии на здружението;
- Избира Претседател и двајца Потпретседатели на Комитетот;
- Донесува Деловник за својата работа со кој се пропишува и постапката на избор на Претседател и Потпретседатели на овој орган;
- Доставува иницијативи и предлози до Управниот одбор за подготвување на актите што ги донесува Генералното Собрание на здружението;
- Предлага основање на нови комисии и работни групи за определени прашања до Управниот Одбор на здружението;
- Ја насочува работата на Советите на регионите;

**Член 23 - г**

(1) Претседателот на Комитетот на Советите:

- Ги закажува седниците на Комитетот по сопствена иницијатива или по барање на најмалку 3 членови на Комитетот, и тоа најмалку 7 дена пред нивното одржување.

- Претседава со седниците на овој орган;

- Учествува во координирање на активностите на здружението;

- Ги спроведува и реализира заклучоците и ставовите на Комитетот;

- Врши и други работи кои ќе му ги додели Комитетот а во согласност со Статутот и другите акти на здружението;

(2) Во случај на спреченост да претседава со седниците, со седница претседава еден од двајцата Потпретседатели на овој орган.

### Член 24

(1) Извршниот директор:

1. Го организира извршувањето на одлуките на Управниот и Надзорниот одбор;
2. Ја организира и координира работата на администрацијата на здружението;
3. Одлучува за вработување во администрацијата;
4. Одговорен е за подготвување на Годишниот предлог-буџет и за извршување на буџетот на здружението.

(2) За својата работа Извршниот директор е одговорен пред Управниот одбор.

## ГЛАВА ПЕТ
## ИМОТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 25

(1) Имотот на здружението се состои од предмети, парични средства и имотни права.

### Член 26

(1) Здружението се финансира од:

1. Годишна членарина;
2. Приходи од сопствен имот;
3. Прилози, донации, подароци;
4. Приходи од извршени услуги.

(2) Здружението располага со средствата во согласност со овој статут и со закон.

(3) Здружението може да добива средства од Буџетот на Републиката и буџетите на единицата на локалната самоуправа.

(4) Управниот одбор на ЗЕЛС со посебна одлука ја утврдува цената на чинење на услугите на ЗЕЛС кон единиците на локалната самоуправа и кон трети лица.

**Член 27**

(1) Износот на годишната членарина со одлука го утврдува Генералното собрание врз основа на бројот на жители во единиците на локалната самоуправа.

(2) Членарината се плаќа на четири еднакви делови на жиро сметка на здружението.

(3) Доколку членството во здружението започнало по 30 јуни, членката е должна да плати 50% од износот на годишната членарина.

**Член 28**

(1) Расходите на здружението се реализираат согласно годишниот буџет на здружението.

(2) Фискалната година на здружението се совпаѓа со фискалната година на нејзините членки.

## ГЛАВА ШЕСТА
## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

(1) Статутот стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по одржување на локалните избори во 2005 година.

(2) Доколку Советот на единицата на локалната самоуправа во рок од 6 (шест) месеци од стапувањето на сила на овој Статут не донесе одлука за

истапување од здружението, ќе се смета дека молчешкум се прифаќа членството во здружението.

(3) За сите прашања што не се уредени со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**Член 30**
**(избришан)**

**Скопје, 5 декември, 2019 г.**

**Здружение на општини**
**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС**
**Претседател**

**Петре ШИЛЕГОВ**